// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на
Општината Битола
излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 10, година XLIII
Среда, 29.08.2012
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на Директор на Основно училиште„ Св.Климент Охридски„ Битола**

1. За Директор на ОУ „Св. Климент Охридски„ Битола се избира **Оливера Илиевска** со завршена ВСС Филолошки факултет –македонски јазик , професор по македонски јазик со положен испит за директор.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години .

3. Решението да се достави до сите пријавени кандидати на јавниот оглас.

4. Решението влегува во сила по неговата конечност и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште - Училишниот одбор ја разгледа пристигнатата документација и достави предлог до Градоначалникот - бр. 03-159/3 од 15.06.2012 г. со пропратен допис бр. 03-168 од 19.06.2012 г простигнат во Општина Битола на 20 06.2012 г.
За Директор на основното училиште е предложен и кандидатот **Оливера Илиевска** со завршена ВСС Филолошки факултет –македонски јазик , професор по македонски јазик со положен испит за директор.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 128 и 132 , од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство :** Противова Решение кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката за избор на Директор **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината** до **Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

**Бр. 08-457/4**
29.06.2012
Битола

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г. Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 05.03.2012 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-04/1 од 28.05.2012 година ( „Службен гласник на Општината Битола" бр.7/10 , бр. 5/11 , 6/11 , 12 /11 ,02/12, 03/12 и 06/12) и тоа:

Во членот 5 Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање , заштита на животната средина , комунални дејности и уредување на градежно земјиште , во Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште работно место „72 локални патишта и улици„ во делот на посебните услови зборовите „овластување Б за проектирање „ се бришат додека во делот
„Број на извршители„ бројот „2„ се заменува со бројот„3„

**Член 2**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот и тоа:

| **Р.бр.** | **Назив на работното место** | **Звање** | **Бр. на изврши тели** | **Вид и степен на образование** | **Работно искуство** |
|---|---|---|---|---|---|
| 72 | Локални патишта и улици | Советник | 3 | Стекнати најмалку 240 кредити<br>Според ЕКТС или Завршен VII/1 ВСС Градежен Факултет,<br>работа со компјутер<br>Способност за тимска работа | Најмалку 3 г. во струката |

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Битола", а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-06/1**
25.07.2012.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
м-р Владимир Талески

**С О Д Р Ж И Н А**

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на основно училиште „Св. Климент Охридски“ Битола ........................................ 217

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Битола............................................................ 218

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211